Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на
Завршната сметка на Општината Битола
за 2006 година

1. Ја објавувам Завршната сметка на Општинта Битола за 2006 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-662/1
19.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решението**
**за усвојување Годишниот извештај за**
**финансиското работење на Општината Битола**
**за 2006 година**

1. Го објавувам Решението за усвојување Годишниот извештај за финансиското работење на Општинта Битола за 2006 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-662/2
19.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за усвојување Годишниот извештај за
финансиското работење на Општината Битола
за 2006 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за финансиското работење на Општината Битола за 2006 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-582/4
15.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска